D.28.4.69
VRHOVNO SODIŠČE LJUBLJANA

СЛУ
НА СОЦИЈ

2155 Централна правосудна книжница
Врховног содишча
СР Словеније
ЉУБЉАНА
ул."Товчарјева" бр.9

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 23 април 1969
Скопје
Број 14 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16.

**85.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУТУН

Се прогласува Законот за тутун,
што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 10 април 1969 година.

Бр. 1180
11 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

## ЗАКОН ЗА ТУТУН

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Производството, преземањето и обработката на тутун во лист, се врши според одредбите на Основниот закон за тутун и овој закон.

### II. ПРОИЗВОДСТВО НА ТУТУН

Член 2

Работна организација што во стопанската соработка (кооперација) договорува производство и преземање на тутун директно со граѓани и граѓанско-правни лица и врши обработка на суров тутун во лист, должна е да ги исполнува следните посебни услови:

1. да обезбеди најмалку еден дипломиран инженер агроном до 100 хектари договорена површина тутун, и на секои започнати нови 100 хектари тутун уште по еден земјоделски стручњак со висока, виша или средна стручна спрема на подрачјето на кое се договара производството;

2. да обезбедува резерва на едногодишна потреба на тутунско семе;

3. да е во можност да ги извршува договорените обврски во однос на одобрување средства за авансирање на производството и набавка на репроматеријали (расад, амбалажа, средства за заштита и сл.).

Работна организација која сама се занимава со производство на суров тутун во лист е должна да ги исполнува условите од точка 1 и 2 од претходниот став.

Работна организација која се занимава со производство на суров тутун во лист во стопанска соработка (кооперација) со граѓани и граѓански правни лица, а сама не врши обработка на тутун, покрај условите од став 1 од овој член, треба да ги исполнува и следните услови:

1. да произведува тутун во кооперација најмалку на површина од 50 ха; и

2. да обезбеди механизација и средства за обработка на земјиштето и нега на тутунот.

Член 3

Потврда дека се исполнети условите од член 2 на овој закон издава општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделството на подрачјето каде се произведува тутунот.

Член 4

Работните организации од член 2 на овој закон должни се да обезбедат и вршат комплетна превентивна заштита и борба против болестите и штетниците на тутунскиот расад.

Работните организации од претходниот став ја организираат и обезбедуваат заштитата на расадениот тутун на нива која непосредно ја спроведуваат тутунопроизводителите.

Ако на едно подрачје повеќе работни организации произведуваат суров тутун во лист во стопанска соработка со работни организации или граѓани и граѓански правни лица, должни се за вршување на работите и преземените мерки од претходниот став да се договорат, најдоцна на 30 дена пред почетокот на сеење на тутунски расад. Ако во тој рок не се постигне согласност општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделството ќе определи работна организација што ќе ги изврши мерките од став 1 и 2 на овој член за сметка на организациите што не се договориле.

Член 5

Договорот за производство и испорака на тутун со работна организација, во смисла на член 4 од Основниот закон за тутун, граѓаните и граѓански правните лица се должни да го склучат најдоцна до 1 април во текуштата година.

Член 6

Се забранува ставање во промет на тутунско семе и производство на расад со тутунско семе кое не е произведено од овластена организација регистрирана при надлежниот републички орган на управата.

Член 7

Работна организација која кооперира во производството на суров тутун во лист со граѓани и граѓански правни лица е должна да води евиденција на склучените договори со производителите во одделна книга.

Работна организација од претходниот став книгата за склучени договори е должна да ја заклучи и овери кај општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделството на подрачјето каде се произведува тутунот во рок од 30 дена по истекот на рокот од член 5 на овој закон.

Член 8

Работна организација која произведува тутун сама или во кооперација со граѓани и граѓански правни лица а не се занимава со обработка на ту-

тун, должна е договорот за испорака на суров тутун во лист во смисла на член 5 став 2 од Основниот закон за тутун да го склучи најдоцна до 15 мај тековната година.

Член 9

Работни организации, граѓани и граѓански прав ни лица не можат да склучуваат договор за производството и испорака на едно исто производство со повеќе работни организации, и се должни договореното производство да го испорачуваат само на работната организација со која имаат склучено договор.

## III. ПРЕЗЕМАЊЕ И ОБРАБОТКА НА ТУТУН

Член 10

Проценување на квалитетот на произведениот суров тутун во лист при неговото преземање го врши проценител определен од работната организација што го врши преземањето на тутунот во присуство на производителот и претставник на општинското здружение на тутуно-производителите.

За проценител на квалитетот на тутунот во лист може да се одреди лице кое има висока стручна земјоделска спрема и работно искуство во обработка на тутун најмалку 2 години или со виша или средна земјоделска односно тутунска спрема и работно искуство во обработка на тутун најмалку 5 години.

Член 11

Во случај на приговор на производителот на процената на тутунот од проценителот, повторна процена, во присуство на производителот, врши посебна трочлена комисија во чиј состав влегуваат по еден претставник на собранието на општината, на работната организација што го презема тутунот и на општинското здружение на тутуно-производителите.

Претставникот на собранието на општината и претставникот на работната организација од претходниот став должни се да ги исполнуваат условите од член 10 став 2 на овој закон.

Претставникот на собранието на општината го одредува општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделството најдоцна 30 дена пред почетокот на преземањето на тутунот.

Процената на комисијата од став 1 на овој член е конечна и е задолжителна за работната организација и производителот.

Член 12

Работна организација што врши преземање на суров тутун во лист е должна да обезбеди инструменти (технички помагала) за утврдување на влагата, песокот и другите примеси во тутунот при неговото преземање.

Член 13

Работна организација која презема суров тутун во лист не може да врши преземање на тутун од производители со кои нема склучено договор за производство и испорака на тутун.

Член 14

Работна организација која се занимава со обработка на суров тутун во лист, преземањето на тутунот го врши во своето седиште и во пунктови во производните реони одредени во соработка со општинското здружение на тутунопроизводителите.

Член 15

Со обработка на суров тутун во лист може да се занимава работна организација која ги исполнува следните посебни услови:

1. да располага со капацитети за сместување, обработка и опрема за обработка на тутун за најмалку 500 тона тутун;

2. да има обезбедено стручен кадар за обработка на тутун најмалку 3 дипломирани инженери агрономи и 3 стручњаци со виша или средна земјоделска спрема со работно искуство во обработка на тутун најмалку 2 години. За обработка на тутун за количини над 500 тона, по еден дипломиран инженер агроном и по еден стручњак со виша или средна земјоделска спрема на секој нови 500 тони тутун.

Потврда дека се исполнети условите од претходниот став издава општинскиот орган на управата надлежен за работите на стопанството.

## IV. НАДЗОР

Член 16

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на него, во поглед на одредбите за производство и обработка на суров тутун во лист врши општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделската инспекција.

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на него, во поглед на одредбите за промет на суров и обработен тутун и производството и промет на преработките од тутун врши општинскиот орган на управата надлежен за работите на пазарната инспекција според посебни прописи.

Ако општинскиот орган на управата надлежен за работите на земјоделската односно пазарната инспекција не изврши некоја од работите од својата надлежност, таа работа ќе ја изврши републичкиот орган на управата надлежен за работите на земјоделската инспекција односно пазарната инспекција на товар на општината чиј орган бил должен таа работа да ја врши.

## V. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Со парична казна од 30.000 до 100.000 динари ќе се казни за стопански престап работна организација:

— ако при преземањето на тутун во лист постапи спротивно на одредбите од член 10, 11 и 12 на овој закон;

— ако се занимава со обработка на суров тутун во лист, а не ги исполнува посебните услови од член 15 на овој закон;

— ако постапува спротивно на одредбата од член 4 на овој закон.

За стопански престап од претходниот став ќе се казни со парична казна од 1.000 до 3.000 динари и одговорното лице на работната организација.

Член 18

Со парична казна од 5.000 до 10.000 динари ќе се казни за прекршок работна организација:

— ако до 15 мај не склучи договор за испорака на суров тутун во лист со работна организација што се занимава со обработка на тутун (член 8);

— ако се занимава со производство на тутун а не ги исполнува посебните услови пропишани со член 2 на овој закон;

— ако не обезбеди едногодишна резерва на тутунско семе во одреден рок (член 2 точка 2 и член 21);

— ако склучува договор за исто производство на тутун со повеќе работни организации или ако испорачува суров тутун во лист на работна организација со која нема склучен договор (член 9);

— ако пушти во промет тутунско семе и произведува расад со тутунско семе спротивно на член 6;

— ако врши преземање на суров тутун во лист од производители и работни организации со кои нема склучено договор за производство на тутун (член 13);

— ако не води евиденција на склучените договори за производство на тутун во кооперација или не ја заклучи книгата за водење евиденција во одреден рок ( член 7);

За прекршок од претходниот став ќе се казни со парична казна од 1.000 до 2.000 динари и одговорното лице на работната организација.

Член 19

Граѓанско правно лице ќе се казни за прекршок со парична казна од 5.000 до 10.000 динари:

— ако не склучи до 1 април договор за производство и испорака на суров тутун во лист (член 5);

— ако употребува тутунско семе или произведува расад од тутунско семе што не е произведено од овластена организација (член 6);

— ако склучи договор за испорака на едно исто производство на тутун со повеќе организации, или ако испорачува тутун на организација со која нема склучено договор за производство и испорака на тутун (член 9);

— со парична казна од 500—2.000 динари ќе се казни за прекршок од овој член и одговорното лице на граѓанското правно лице.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и граѓанин со парична казна од 500 до 2.000 динари.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 20

Работна организација што презема суров тутун во лист е должна во рок од две години од денот на влегувањето во сила од овој закон да обезбеди проценители со стручна спрема и работно искуство определени со член 10 став 2 од овој закон.

Член 21

Работните организации од член 2 на овој закон се должни во рок од 3 години од влегувањето во сила на овој закон да обезбедат резерва на тутунско семе во количина на едногодишна потреба.

Член 22

Работните организации што се занимаваат со производство и обработка на тутун се должни во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон.

Работните организации од претходниот став, доколку не ја усогласат својата работа во определениот рок, го губат правото да се занимаваат со производство и обработка на суров тутун во лист.

Член 23

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

## 86.

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

Се прогласува Законот за републичките административни такси,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 10 април 1969 година.

Број 1181
11 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА РЕПУБЛИЧКИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

Член 1

Се воведува плаќање на републички административни такси за списите и дејствијата во управните работи, како и за други предмети и работи од надлежност на републичките органи.

Таксата се плаќа за списи и дејствија и за други предмети и работи според таксената тарифа што е составен дел на овој закон.

Член 2

Општинските таксени тарифи не можат да бидат повисоки од таксите утврдени со Таксената тарифа на овој закон.

Член 3

Приходите од републичките административни такси им се отстапуваат на општините.

Член 4

Како граѓанин со слаба имотна положба, кој во смисла на член 19 точка 18 од Основниот закон за административните такси се ослободува од плаќање на такси, се смета лице кое има годишен приход од член на семејството помалку од 1.000 динари, а таксата што треба да ја плати за една правна работа изнесува повеќе од 10 динари.

Како приход во смисла на претходниот став се сметаат сите приходи на кои се плаќаат придонеси и даноци како и пензиите.

При пресметувањето на приходот од став 1 на овој член катастарскиот приход се зголемува за четири пати.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за републичките административни такси („Службен весник на СРМ", бр. 12/65 година).

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 мај 1969 година.

## ТАРИФА ЗА РЕПУБЛИЧКИ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ

### I Поднесоци

Се плаќа динари

Тар. бр. 1

За барања, молби, предлози, пријави и други поднесоци, ако со оваа тарифа не е пропишана друга такса 1

Забелешка:

Такса според овој тар. број не се плаќа за дополнителни поднесоци со кои странката бара само побрзо постапување по порано поднесено барање.

Тар. бр. 2

За жалба против решение на органот од член 3 од Основниот закон за административните такси 6

### II Решенија

Тар. бр. 3

За сите решенија за кои не е пропишана посебна такса 5

1. Ако се донесува едно решение по барање на повеќе лица, таксата според овој тар. број се плаќа онолку пати колку што има лица на кои им се врачува решението.

2. За решенија донесени по жалби не се плаќа такса.

Тар. бр. 4

За издавање, продолжување на рокот на важењето или издавање дупликат на патна исправа за патување во странство:

1. за југословенски државјани:

а) за издавање на пасош 50

б) за продолжување на рокот на важењето на пасошот 50

в) за издавање на дупликат пасоши 200

г) за издавање на заеднички (колективен пасош, за секое лице) 20

2. за странски државјани

а) за издавање на патен лист за странец 25

б) за издавање на туристичка пропусница 3

в) за издавање на патна исправа на лице без државјанство 50

Забелешка:

1. За патните исправи на емигранти не се плаќа такса.

2. За истовремено издавање, продолжување на рокот на важењето или за издавање дупликат на пасош во кој истовремено се запишани и членовите на семејството, се плаќа една такса за сите лица.

3. За дополнително внесување на членови на семејството во пасошот се плаќа такса од точка 1 под а) на овој тарифен број во износ од 50%.

Тар. бр. 5

За виза на патна исправа и за одобрувањата наведени во овој тарифен број:

1. за југословенски државјани:

а) за виза на пасош за неограничен број патувања 25

б) за виза на заеднички (колективен) пасош (за едно патување) за секое лице 5

2. за странски државјани:

а) за виза за едно патување или транзит 25

б) за виза издадена на граничен премин 50

в) за виза на неограничен број патувања или транзит 50

г) за виза на дупликат патна исправа 50

д) за виза за колективен пасош или список на лица, за секое лице 13

е) за одобрување на привремен престој со важност до 3 месеци 50

а со важење над 3 месеци 100

ж) за одобрение за постојано настанување 300

Забелешка:

1. За виза на пасош во кој се запишани и членовите на семејството се плаќа една такса.

2. За виза на патна исправа за емигрант не се плаќа такса кога носителот на патната исправа се иселува од Југославија.

3. Органот што ја издава оваа виза на патен лист за странци може нив да ги ослободи од плаќање на такса за виза со оглед на имотната положба и друго.

Тар. бр. 6

За издавање на оружен лист 100

Забелешка:

1. За издавање на оружен лист за ловечки пушки со неолучени цевки се плаќа такса 50% од овој тарифен број.

2. За одобрение само за држење оружје не се плаќа такса според овој тарифен број, туку според тарифниот број 3 од Таксената тарифа.

3. Такса според овој тарифен број не плаќаат воени лица, службеници на органите за внатрешни работи и други лица што држат и носат оружје според прописите на својата служба.

4. Одредбата од точка 3 на оваа забелешка не се однесува на издавање оружен лист за ловечко оружје.

5. Такса според овој тарифен број не се плаќа за оружје што се наоѓа кај стрелачки организации, и служби за обука во гаѓање и за натпреварување на стрелиштето.

Тар. бр. 7

За акт врз основа на кој се здобива право за вршење на стопанска дејност 100

За акт врз основа на кој се здобива право за вршење на занаетчиска дејност во села или без постојано деловно место се плаќа ½ од таксата на овој тарифен број.

Тар. бр. 8

За решение со кое се одобрува право за запишување на пловни објекти за внатрешна пловидба во регистарот односно во очевидникот:

1. за пловни објекти 50

2. за чамци 10

Тар. бр. 9

За одобрение на полагање возачки испит, за издавање возачка дозвола, за издавање или продолжување важењето на сообраќајна дозвола за моторно возило или за автомобилска приколка 10

Забелешка:

За издавање дупликат на возачка или сообраќајна дозвола се плаќа такса според овој тарифен број.

III Уверенија

Тар. бр. 10

За уверенија што ги издаваат органи ако не е пропишано поинаку 3

Тар. бр. 11

За дупликат на исправа за завршено школување или за стручна квалификација 5

Тар. бр. 12

За уверенија со кои се докажува потеклото или вредноста, количеството и квалитетот или здравствената исправност на стоки 8

Забелешка:

Оваа такса не се плаќа на странските поштенски декларации што го придружуваат спроведбениот лист.

IV Заверки, преписи и преводи

Тар. бр. 13

За заверка на потпис, ракопис и препис:

1) за заверка на секој потпис 2

2) за заверка на автентичноста на ракопис или за заверка на препис од секој полутабак на оригиналот 3

Забелешка:

1. Како полутабак се подразбира лист хартија од две страни, од нормален канцелариски формат или помал.

2. Ако ракописот односно преписот чија заверка се врши е напишан на странски јазик, се плаќа двојна такса од точка 2) од овој тар. број.

Тар. бр. 14

За заверка на превод се плаќа 30% од таксата од тар. број 20 на оваа таксена тарифа.

Забелешка:

Ако органот врши и превод и заверка на преводот се плаќа, покрај таксата според овој тар. број и такса според тар. број 20 од оваа таксена тарифа.

Тар. бр. 15

За заверка на сите деловни книги се плаќа од секој лист 0,05

1. Како лист се подразбира еден лист (две страни) на книга без оглед на големината и без оглед на тоа дали листовите се поврзани или не.

2. Таксата од овој тар. број се плаќа и за заверка на картотеки што заменуваат деловни книги.

Тар. бр. 16

За заверка на план 20

Забелешка:

За заверка на копија од катастарски план не се плаќа такса според овој тар. број туку според тар. број 27 од оваа таксена тарифа.

Тар. бр.17

За заверка на хелиографска копија на план (цртеж) се плаќа од целиот или започнат квадратен метар 6

Тар. бр. 18

За заверка на договор чија вредност е:

1) до 500 динари 4

2) над 500 до 2.000 динари 5

3) над 2.000 до 10.000 динари 10

4) над 10.000 динари 30

Ако вредноста на договорот е непроценлива 6

За заверка на продолжување на рокот за важење на договор се плаќа 50% од таксата од став 2 односно од став 2 на овој тар. број

За заверка на полномошно 4

Забелешка:

1. Се смета дека е извршена заверка на договор кога се заверуваат само потписи на договорените странки.

2. Секоја измена на содржината на договорот во таксен поглед се смета како нов договор.

3. Таксата според став 1 на овој тар. број се плаќа на вредноста означена во договорот.

4. Ако вредноста на договорот е проценлива, но не е означена, за заверка на договорот се плаќа двојна такса од став 2 на овој тар. број.

Тар. број 19

За препишување на службени акти или документи што се врши кај органите:

1) кога препишувањето го вршат заинтересираните лица, од полутабак на оригиналот 1

2) кога препишувањето го врши органот, од полутабак на оригиналот 4

3) кога органот го врши препишувањето на акти или документи на странски јазик, од полутабак на оригиналот 6

Забелешка:

Важи одредбата од точка 1 на забелешката кон тар. бр. 13.

Тар. бр. 20

За преводи од еден на друг јазик:

1) ако текстот на оригиналот не надминува 100 зборови 10

2) ако текстот на оригиналот содржи повеќе од 100 зборови, се плаќа за секој цел или започнат полутабак 30

Забелешка:

Важи одредбата на точка 1 од забелешката кон тар. бр. 13.

За превод на јазиците на народностите не се плаќа такса

V Катастарски такси

Тар. бр. 21

За спроведување на сите промени во административните делови на катастарскиот операт, што настанале по кој и да било основ се плаќа такса во готово, и тоа:

1) за спроведување на промени на насловната страна на постоен или новоотворен поседовен лист, како и за пренос на цели парцели од еден поседовен лист во друг, од секој нов поседник односно од секоја парцела;

2) за спроведување промени на културата, објект, површина и делби на парцели, од секоја парцела односно од секоја парцела од новата состојба по 6

Забелешка:

1) Такса според точка 1) на овој тар. број плаќа секој нов сопственик што се запишува во катастарскиот операт, како и оној сопственик на кој му се менува идеалниот сопственички дел односно сопственик во чиј поседовен лист се пренесуваат парцелите.

2) Такса од точката 2) плаќаат сопствениците во чии поседовни листови се спроведуваат промени.

3) За спроведување на промени во административните делови на катастарски операт, ако една иста парцела претрпи две или повеќе промени наведени во точ. 1) и 2 на овој тар. број, а тие промени истовремено се спроведуваат и во катастарскиот операт, се плаќа само една такса, т. е., таксата од точката 2) на овој тар. број.

4) Таксата според овој тар. број се пресметува според извршеното спроведување на промените во катастарскиот операт, а ја наплатува општинскиот орган на управата, надлежен за финансиите, врз основа на список составен од катастарскиот уред.

Тар. бр. 22

За снимање и вцртување промени во планови и за сметање површини на парцели, кога се вршат по вонредно барање на странката, за секој потрошен работен час 9

Тар. бр. 23

За премерувања што се вршат по редовни пријави, а кои се однесуваат на делби на одделни парцели, групи парцели и на делби на цели поседи, вклучувајќи ги и канцелариските технички работи во врска со тие премерувања, се плаќа такса во готово, според површините на парцелите и тоа:

до 50 ари 25
над 50 до 100 ари 50
за секој натамошен хектар по 10

Ако премерувањата се вршат од полигонска мрежа се плаќа таксата според овој тар. број зголемена за 50%.

Ако премерувањата се вршат во градови, се плаќа таксата според овој тар. број зголемена за 50%.

Забелешка:

1. Ако поседот кој се дели се наоѓа на повеќе места, таксата се смета одделно за секој комплекс.

2. Кога во еден комплекс се наоѓаат повеќе парцели на ист сопственик таксата се плаќа според вкупната површина на сите парцели во тој комплекс.

3. Таксата според овој тар. број се наплатува од секој делничар, сразмерно со површините на нивните делови.

4. За премерувања заради исправање меѓи меѓу два поседа, се плаќа такса од обата сопственика сразмерно со површината на нивните парцели, а врз основа на вкупната површина.

5. За делби на парцели поради делумни промени во културата, како и за снимање згради и објекти, не се плаќа такса.

6. За наплатување на таксите според овој тар. број важат одредбите од точка 4 на забелешката кон тар. број 21.

Тар. бр. 24

1. За копирање катастарски планови со рака се плаќа такса според бројот на поените и тоа:

1. до 10 поени 10

2. за секој натамошен поен над 10 поени 0,60

3. за запишување лични и други податоци уште по поен 0,60

2. За копирање со рака на планови на поголеми објекти и парцели, кога не е можно да се примени начинот на пресметување на таксата според бројот на поените, се плаќа такса за секој потрошен работен час 6

3. Ако копиите на планови, изработени во смисла на точ. 1 и 2 на овој тар. број, понатаму се умножуваат по хелиографски пат, тогаш за секој така умножен примерок се плаќа, покрај трошоците на умножувањето, уште и такса од 4

4. За преписи на поседовни листови и други делови од катастарски операт или за изводи од нив се плаќа:

1) до 10 ставки 5

2) за секоја натамошна ставка над 10 ставки 0,50

5. За преписи на делови од катастарски операт што не спаѓаат во административни делови од операт, се плаќа по табак оригинал на катастарски образец 5

Забелешка:

1. Како број на поени се подразбира збирот на бројот на хектарите, бројот на парцелите и бројот на објектите.

2. Површината по еден хектар се смета како цел хектар.

3. Таксата според точка 1 под 1) на овој тар. број се смета одделно за секоја катастарска општина.

4. Таксата според точка 4 на овој тар. број се плаќа и за уверенијата што ги издаваат катастарските уреди, ако тие содржат детални податоци за одделни парцели.

5. Како ставка од точка 4 на овој тар. број се подразбира секоја допишана хоризонтална рубрика од кој и да било дел од катастарскиот операт.

За препишување и копирање на податоци од теренски елаборати (елаборати на премерот):

1) за препишување на записник на мерењата и снимањата за една страна од оригинал по 6

2) за копирање на детални скици, мануали и фотоскици или за дополнување копии на планови со податоци на снимањата, по квадратен дециметар површина на цртежот на оригиналот, по 10

3) за координати или измерувања:

а) на тригонометриски точки, како и за височини или ознаки на положбата на репери, за секоја точка или репер, по 10

б) на полигонски и мали точки, за секоја точка по 3

4) на користење оригинали или матрици на планови, фото-планови, карти и фото-асамблажи со цел за умножување, за секој лист, без оглед на видот и размерата, по 20

5) за дополнително користење на негативи или дијапозитиви (филм или плоча), без оглед на размерот за секој негатив односно дијапозитив по 5

6) за копирање или препишување податоци што не се опфатени со тар. број 24 и 25 се плаќа такса по потрошен работен час 9

Забелешка:

1. Ако се препишуваат записници за извршени мерења или сметања или други прегледи, што содржат координати или положбени описи и точки, покрај таксата од точка 1), се плаќа и таксата од точка 3) на овој тар. број за координати и положбени списи на точки.

2. За работите од точ. 4) и 5) на овој тар. број, покрај таксата за користење на

оригинали, се плаќаат и трошоците на изработката и материјалот.

3. Таксата за дополнително користење на оригинали според точ. 2), 4) и 5) на овој тар. број не ја плаќа инвеститорот на работите на кои се однесуваат оригиналите. Инвеститорот на работите не ја плаќа ни таксата од точ. 1), 2) и 3 на овој тар. број кога врши дополнително препишување и копирање податоци преку свое стручно лице.

Тар. бр. 26

Ако копирање или препишување на тар. бр. 24 или 25 на оваа таксена тарифа врши работна или друга организација преку свое стручно лице, или овластен геодетски стручњак, со цел за одржување на катастарот на земјиште, се плаќа една половина од соодветната такса пропишана со овие тар. броеви.

Тар. бр. 27

1. За заверка на копија на план во големина на полутабак (формат 22/35 см.). 4

2. За заверка на копија на план во големина над еден полутабак се плаќа, освен основната такса за еден полутабак, уште онолку пати по 1 динар за колку полутабаци површината на копијата е поголема од еден полутабак.

3. За заверка на препис и извод од катастарски оперaт и на теренски елаборат се плаќа такса според бројот на табаците на образецот користен за препис, и тоа:

1) за првиот табак (катастарски образец) 2

2) за секој натамошен табак 1

3) за одобрение на планови изработени од работни и други организации овластени за вршење на геодетски работи или овластени геодетски стручњаци, се плаќа такса според точ. 1 на овој тар. број.

Забелешка:

1. За заверка на план според овој тар. број не се плаќа такса според тар. број 16 на оваа таксена тарифа.

2. Започнат полутабак на копија на план односно започнат табак (катастарски образец) се смета како цел.

VI Градежни такси

Тар. бр. 28

За акт со кој се одобрува локација на градежни објекти 20

За издавање протокол на регулација или градежна линија:

1) за една улица 60

2) за повеќе улици 100

Забелешка:

За обнова на регулациони колови се плаќа 70% од соодветната такса според овој тар. број.

Тар. бр. 30

За актот со кој се одобрува подигање градежен објект кој не подлежи на такса според тар. број 33 на оваа таксена тарифа:

1) за помали земјоделски објекти 10

2) за други градежни објекти 60

Забелешка:

За акт со кој се одобрува реконструкција, проширување, доградување или поправка на градежен објект се плаќа една половина од соодветната такса според овој тар. број.

Тар. бр. 31

За акт со кој се одобрува подигање хидротехнички постројки со цел за користење водни сили:

1) за протечни постројки (мали електрани, воденици, валавници, стругарници, мелници):

а) до 500 КС 40

б) над 500 до 1.000 КС 100

в) над 1.000 КС 500

2) за уреди за водоводи, наводнување мелиорации како и други водозафати:

а) до 1.000 литра капацитет во 1 секунда 20

б) над 1.000 до 2.000 литра капацитет во секунда 50

в) над 3.000 литра капацитет во 1 секунда 250

3) за решението со кое се одобрува подигање на постројки со акумулации, се плаќа такса од точка 1) односно точка 2) на овој тарифен број, зголемена за 50%.

Забелешка:

Таксата од овој тар. број не се плаќа за одобренија што се подложени на такса според тар. број 33 на оваа таксена тарифа.

Тар. бр. 32

За дозвола за подигање на радио-станици 50

Забелешка:

1. За замена или продолжување важењето на дозвола се плаќа една половина од таксата од овој тар. број.

2. Радио-аматерите зачленети во Сојузот на радио-аматерите на Југославија не плаќаат такса според овој тар. број.

Тар. бр. 33

За одобрение за изградба што се издава според Основниот закон за изградба на инвестиционите објекти се плаќа такса според вредноста:

1) ако вредноста на објектот е до 5 милиони 0,1‰

2) ако е вредноста над 5 милиони до 10 мил. 500 и 0,075‰ (промил) на вредноста над 5 милиони; 500

3) за вредност над 1 до 20 милиони и 0,050‰ (промил) на вредноста на 10 милиони 870

4) за вредност над 20 до 40 милиони 0,03‰ (промил) на вредноста на 20 милиони 1.370

5) ако е вкупната вредност поголема од 40 милиони 2.500

Алтернатива: Тарифен број 33 да се брише

Тар. бр. 34

За преглед на местото за подигање на градежен објект или постројка ако претсметковната вредност изнесува:

1) до 20.000 динари 20

2) над 20.000 динари 100

Тар. бр. 35

За преглед на цели згради или одделни простории, со цел за давање одобрение за употреба:

| | |
|---|---|
| 1) до 10 простории | 30 |
| 2) над 10 простории | 100 |

За преглед за други градежни објекти (нови реконструктуирани или адаптирани) со цел за издавање дозвола за употреба, се плаќа 0,5‰ (промил) според пресметковната вредност на објектот.

Забелешка:

1. Таксата од став 2 на овој тар. број не може да изнесува повеќе од 1.000 динари.

2. Таксата од став 2 на овој тар. број не се однесува на објектите на чиј преглед заради добивање дозвола на пуштање во работа, е пропишана посебна такса во тар. број 36 на оваа таксена тарифа.

Тар. бр. 36

| | |
|---|---|
| 1. За технички преглед на машински, електрични, електромашински, гасни и други постројки кои, според постојните прописи, подлежат на задолжителен преглед заради добивање одобрение за употреба се плаќа такса по работен час | 10 |
| 2. За технички преглед на моторни возила | 20 |

Забелешка:

Таксата од точка 1 на овој тар. број се смета за секој цел или започнат работен час на секој службеник што учествува во техничкиот преглед.

VIII Разно

Тар. бр. 37

| | |
|---|---|
| За чување (депозит) на пари, предмети и хартии од вредност што депонентите ќе му ги даваат на чување на надлежниот орган се плаќа годишно за секои започнати 100 динари од вредноста | 0,50 |

Забелешка:

1. Ако вредноста на предметот не е позната, таа ќе се утврди со процена.

2. Таксата од овој тар. број се плаќа за првата година однапред, а за другите години при подигање на депозитот. Започнатата година се смета како целина.

3. Ако депозитот по барање на депонентот се пренесува од еден депозитор кај друг, за преносот се плаќа износот на едногодишната такса.

4. Оваа такса се плаќа за депозити што се полагаат по барање од државните органи односно по службена должност, ако се подигнат во рок.

Тар. бр. 38

За опомена со која некој се повикува да ја плати должната такса.

**87.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за придонесите и даноците на граѓаните,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 10 април 1969 година.

Бр. 1183
11 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

## ЗАКОН

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

Член 1

Во Законот за придонесите и даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ", бр. 2/1969) во член 64 ставот 2 се менува и гласи:

„По исклучок од претходниот став, данок не се плаќа на товарни друмски моторни и приклучни возила што не се употребуваат, а се одјавени кај органот на управата надлежен за регистрација на моторни возила".

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1969 година.

**88.**

Врз основа на член 152 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

## УКАЗ

## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ФОНДОВИ ВО СТОПАНСКИТЕ ЕДИНИЦИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВИТЕЛНИТЕ УСТАНОВИ

Се прогласува Законот за формирање на посебни фондови во стопанските единици на казнено-поправителните установи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Републичкиот собор одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор одржана на 10 април 1969 година.

Бр. 1182
11 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНИ ФОНДОВИ ВО СТОПАНСКИТЕ ЕДИНИЦИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВИТЕЛНИТЕ УСТАНОВИ

Член 1

Стопанските единици на казнено-поправителните установи, покрај фондовите кои според општите прописи ги имаат стопанските организации, ги имаат и следните фондови:

1. Фонд за големи поправки и изградба на објекти на казнено-поправителната установа;
2. Фонд за унапредување на воспитно-поправната работа на осудените лица во казнено-поправителна установа;
3. Фонд за наградување на осудените лица и за помош на лицата при отпуштањето од казнено-поправителната установа.

Член 2

Распределбата на доходот на фондовите од член 1 точка 1, 2 и 3 на овој закон и на средствата за вршење на редовна дејност на КП установата се врши со општ акт на казнено-поправителната установа а во согласност со републичкиот секретар за правосудство.

Во случај на спор конечна одлука донесува Извршниот совет.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

---

**89.**

Врз основа на член 123 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 10 април 1969 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА СРЕДСТВАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1968 ГОДИНА

1. Се утврдува завршната сметка на средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1968 година и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Пренесени средства од 1967 година | | 2.194.570.314 |
| 2. Остварени приходи во текот на 1968 година | | |
| а) од камати на пласирани кредити | 57.784.173 | |
| б) по основ на основачкиот влог во кредитниот фонд на Стопанската банка | 5.170.563 | 62.954.736 |
| Вкупно: | | 2.257.525.050 |
| 3. Непосредни расходи: | | |
| а) дадени неповратни средства | 100,896.246 | |
| б) одобрена додатна камата | 104.334 | |
| в) други непосредни расходи | 3,514.507 | 104.515.087 |
| 4. Расположиви средства на 31 ХП. 1968 година | | 2.153,009.963 |

Од тоа:

| | |
|---|---|
| а) во пласирани кредити | 2.032.965.679 |
| б) во кредитен фонд на Стопанска банка — основачки влог | 68.917.230 |
| в) салдо на жиро-сметката | 1.127.054 |

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1216
11 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

---

**90.**

Врз основа на член 17 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ", бр. 24/66), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор, одржана на 10 април 1969 година и на седницата на Стопанскиот собор, одржана на 10 април 1969 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА РЕПУБЛИЧКИОТ ФОНД ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА ПОБРЗИОТ СТОПАНСКИ РАЗВИТОК НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА ЗА 1968 ГОДИНА

1. Се одобрува завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта за 1968 година, што ја донесе Управниот одбор на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта на седницата одржана на 2 април 1969 година, и тоа:

| | |
|---|---|
| а) вкупни средства | 25.226.707 дин. |
| б) непосредни расходи | 176 „ |
| в) употреба на средствата (кредити) | 12.945.287 „ |
| г) непотрошени средства на 31. ХП. 1968 година | 12.281.244 „ |

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 1217
11 април 1969 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Никола Минчев**, с. р.

**91.**

Врз основа на точка III од Одлуката на Извршниот одбор на Стопанската банка — Скопје за поблиските намени и услови за давање кредити од средствата на Посебниот кредитен фонд за станбена и комунална изградба во 1969 година, донесена на седницата од 7. IV. 1969 година, Стопанската банка — Скопје, распишува

## КОНКУРС

## ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ПОД КОИ СТОПАНСКАТА БАНКА — СКОПЈЕ ВО 1969 ГОДИНА ЌЕ ДАВА КРЕДИТИ ЗА УЧЕСТВО ВО ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНИ ОБЈЕКТИ

I. Стопанската банка — Скопје (во натамошниот текст: Банка), од средствата на Посебниот кредитен фонд за станбена и комунална изградба, ќе дава кредити за учество во изградбата на комунални објекти (водовод и канализација).

II. Корисници на кредитите од претходната точка можат да бидат комунални и други работни организации и општествено-политички заедници.

III. Кредитите од точката I ќе се одобруваат под следниве услови:

— рок за враќање до 15 години,

— интересна стопа 1% годишно, и

— учество најмалку 50% од претсметковната вредност на инвестицијата.

Кредитите ќе се користат како транша во 1969 и 1970 година.

IV. Корисниците на кредитите се должни да обезбедат средства за полагање 10% гарантен износ од претсметковната вредност на инвестиционите работи за кои според важечките прописи се плаќа гарантен износ.

V. Предност при давањето на кредитите ќе имаат инвеститорите кои:

1) ќе вложуваат во комуналии и тоа во туристичките места;

2) ќе обезбедат поголемо учество од пропишаното со конкурсот;

3) ќе понудат покус рок за изградба на инвестициониот објект и за враќање на кредитот.

VI. Кон барањето за кредит кредитобарачите треба да поднесат:

1. Инвестициона програма составена според Основниот закон за изградба на инвестициони објекти („Сл. лист на СФРЈ“ бр. 20/67);

2. Доказ за обезбедување на средства за учество во трошоците на инвестицијата и гарантен износ. Доказот треба да биде заверен од страна на Банката кај која се водат тие средства дека таа е согласна да изврши блокирање на постојните средства и на приливот на средствата во висина на потребните средства за учество и гарантен износ;

3. Извод од записникот од одржаната седница на надлежниот орган на која е одлучено да се задолжи претпријатието односно општествено-политичката заедница;

4. Завршна сметка (ако инвеститорот е стопанска организација) за последната година.

VII. Одобрувањето на кредитот Банката може да го услови со поднесување на гаранција.

VIII. Барањето за кредит, со сите прилози од точката VI (освен под 4), се поднесува во 2 (два) примероци до Стопанската банка — Скопје, во рок од 45 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

IX. Со објавувањето на овој конкурс престанува да важи Конкурсот за условите и начинот под кои Стопанската банка — Скопје ќе дава кредити за изградба на комунални објекти („Службен весник на СРМ“, бр. 14/68).

X. Конкурсот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 11/839
7. април 1969 година
Скопје

Генерален директор
на Стопанската банка — Скопје,
**Тр. Ивановски**, с. р.

---

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во пречистениот текст на Законот за придонесите и даноците на граѓаните, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 2/69, се поткраднале грешки поради што се дава

## ИСПРАВКА

## НА ПРЕЧИСТЕНИОТ ТЕКСТ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИДОНЕСИТЕ И ДАНОЦИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

1. Во членот 15, став 1, ред 6, наместо зборот: „парцели“ треба да стои зборот: „проценти“.

2. Во членот 39, ред 4, наместо зборовите: „член 66* треба да стојат зборовите: „член 36“.

3. Во членот 50, став 1, ред 3, наместо зборот: „условите“ треба да стои зборот: „услугите“.

4. Во членот 72, став 3, ред 4, наместо зборовите: „член 74“ треба да стојат зборовите: „член 73“.

5. Во членот 81, став 2, ред 4, по зборот: „освен“ треба да се додадат зборовите: „основиците на“.

6. Во членот 99, став 2, ред 3, по зборот: „родените“ треба да се додаде запирка и зборовите: „лекарско уверение“.

7. Во членот 104, став 2, ред 4, наместо зборовите: „член 64“ треба да стојат зборовите: „член 59“.

8. Во членот 121, ред 1, наместо зборот: „е“ треба да стои зборот: „и“.

9. Во членот 127, став 1, ред 3 по сврзникот: „а“ треба да се додаде зборот „по“.

10. Во членот 130, став 4, ред 1, наместо зборот: „попишување“ треба да стои зборот: „распишување“

11. Во членот 152, став 1, ред 2, наместо зборот: „надлежен“ треба да стои зборот: „недвижен“.

12. Во членот 156, став 2, ред 1, наместо зборот: „извршените“ треба да стои зборот: „извршните“.

13. Во членот 164, став 1, ред 1, по зборот: „товарни“ запирката погрешно е отпечатена, а наместо зборот: „патнички“ треба да стои зборот: „друмски“.

Бр. 1218
7 април 1969 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Социјалистичка
Република Македонија

---

По извршеното сравнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изборните единици за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 5/69, се поткраднале грешки поради што се дава

## ИСПРАВКА

## НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОРНИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во член 2, точка 99, ред 9, по зборот „Црешка“ треба да стои зборот „Шопур“. а во точката 100, ред 10 и 11 по зборот „Батање“ треба да стои зборот „Кучица“;

2. Во член 3, точка 52, ред 6 по зборот „Стиник" треба да стојат зборовите „Бориево, Дрвош, Иловица, Радово, Секирник, Старо Балдевци, Турново и Штука".

Бр. 1222
4 април 1969 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Социјалистичка
Република Македонија

# Огласен дел

## РЕГИСТАР НА УСТАНОВИТЕ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 46, страна 188, книга I, е запишано под име: „Агроцентар" — Центар за унапредување на земјоделството, услуги снабдување, планирање и промет во земјоделството — Скопје — Претставништво со стовариште во Куманово, улица „11 октомври" број 2. Предмет на работењето на претставништвото е:

1. Да врши снабдување, пласман, услуги и промет, за своја сметка, за сметка на земјоделско-стопанските организации и индивидуалните производители и на сите работни организации.

2. Да врши снабдување на сите видови земјоделски прехранбени производи; сите видови колонијални стоки; сите видови добиток; добиточна храна и сточни производи; со семенски и посадочни материјали; сите видови житарици и млински преработки; сите видови преработки од овошје, грозје, градинарски култури, алкохолни и безалкохолни пијалоци; со сите видови на репродукциони материјали; хемиски средства, препарати за заштита на растенијата, вештачки ѓубрива и други превентивни средства за земјоделството и сточарството.

3. Да врши снабдување на сите видови земјоделски машини, справи, прибор, алат, гуми, моторни возила, резервни делови како и откуп, продажба и пренос на употребени (стари) делови, алат и основни средства, со сите видови метална стока, хемиски производи, бои, лакови, плас-маса, кожна и друга стока, со сите видови на јутена, книжна и друга амбалажа, со сите видови граѓежен, огревен и погонски материјал и сите видови средства за капитална изградба.

Претставништвото е основано од советот на работната заедница со одлука бр. 3567 од 25. III. 1968 година.

Раководител на претставништвото е Илиевски Јанко.

Претставништвото со стовариштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува центарот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 50 од 24. V. 1968 година. (1303)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 601, страна 495, книга III, е запишана под име: Македонска академија на науките и уметностите — Скопје.

Академијата е научна организација која ги здружува истакнатите научни работници и уметници од сите области на науките и уметностите. Задача на Академијата е со својата дејност да ја поттикнува и развива научната мисла, основните научни испитувања и применувањето на научните методи и научните резултати, да ги поттикнува самостојно или во соработка со други научни организации и на научните работници и да работи на негувањето и унапредувањето на уметностите. Академијата посебно врши и поттикнува проучување на одделни области од битно значење за развитокот на Социјалистичка Република Македонија.

За остварување на своите задачи Академијата особено: 1. Организира и поттикнува проучување на општествено-економскиот и културниот развиток, производните сили и природните богатства на земјата. 2. Организира комплексни научни испитувања. 3. Се залага за примена на резултатите од научните испитувања. 4. Организира научни симпозиуми, советувања и други собири на научни работници и уметници со цел современите научни погледи и резултатите на научните испитувања од интерес за унапредување на научните дејности и за материјалниот, општествениот и културниот развиток јавно да се претресуваат и оценуваат. 5. Дава мислење за одделни значајни прашања по своја иницијатива или по барање на работни и други организации и органи. 6. Соработува со работни и други организации во испитувањето и решавањето на научни проблеми и задачи. 7. Објавува резултати од научните испитувања, научни и уметнички дела. 8. По потреба основа научни уметнички и други културни установи.

За остварување на своите задачи Академијата соработува со други академии на науките и уметностите, со универзитети, научни установи, организации, научни работници и уметници во земјата и странство.

Академијата е основана од Собранието на СРМ, У. бр. 18 од 23. II. 1967 година.

Академијата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува академикот Блаже Конески, претседател на Академијата, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 128 од 19. XII. 1968 година. (6)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 95/65, на 18. XII. 1968 година, е запишано следното: Се проширува дејноста на Медицинскиот центар во Битола, уште со: набавка, изработка, чување, испитување и издавање лекови и други средства за лекување и чување здравјето на населението.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 02—1673/1 од 7. IX. 1968 година од Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 48/68. (297)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 4/65, на 24. XII. 1968 година, е запишано следното: Се менува фирмата на Општинскиот ветеринарен центар во Прилеп и гласи: Ветеринарна станица, со седиште во Прилеп.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 01—236/5 од 19. IX. 1968 година од работната заедница на Општинскиот ветеринарен центар во Прилеп и решението бр. 02-5058/1 од 17. XII. 1968 година на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 51/68. (299)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 4/65, на 24. XII. 1968 година, е запишано следното: Им престанува овластувањето за потпишување на Чупрески Бранислав, в. д. управник и Петрески Димче, режисер, на Ветеринарната станица во Прилеп.

Се овластуваат за потпишување на установата Поповски Спасев Никола, директор, и Аризонкоски Милош, благајник.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 52/86. (300)

---

Окружниот стопански суд во Битола, објавува дека во регистарот на установите, на 28. XI. 1968 година е запишана под име: Самостојна музејска збирка, со седиште на Ресен. Основна задача на самостојната музејска збирка е: да собира, чува, обра-

ботува, одржува и одложува музејски материјали и прекутоа да придонесува за културното издигање на средината во која дејствува.

Самостојната музејска збирка ќе се занимава и со чување, проучување и стручно одржување на споменициte на културата, како и со создавање услови споменициte да служат за задоволување на културните потреби на граѓаните и општествената заедница.

Привремен раководител на збирката е Милица Сотир Јаралмазова.

Самостојната музејска збирка е основана од Собранието на општината Ресен, со одлука бр. 01—8730/1 од 14. XI. 1968 година.

Потпишувањето ќе го врши Милица Сотир Јаралмазова, привремен раководител.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр.5/68. (71)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 339, страна 391, книга II, е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Основното училиште „Климент Охридски“ село Бутел, Бојан Миладинов, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на Основното училиште „Климент Охридски“, село Бутел е назначен Живко Андреев, кој училиштето ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 23. XII. 1968 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус бр. 137 од 27. XII. 1968 година. (8)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 92/65 на 12. XI. 1968 година, е запишано следното: Се менува фирмата на Трговското училиште со практична обука во Прилеп и гласи: Трговски училишен центар во Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 40/68. (70)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 35/66, на 21. XI. 1968 година, е запишано следното: Се проширува дејноста на Заводот за запослување на работници — Струга, уште со занимање од текстилна струка, плетачки и шивачки.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 01—217 од 20. VI. 1968 година од работната заедница на Заводот за запослување на работници — Струга и решението бр. 07—1497/2 од 15. V. 1965 година од Одделението за стопанство на Собранието на општината Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 41/68. (72)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 28. XI. 1968 година, страна 184, реден број 2, е запишано конституирањето на Комбинираната детска установа „Детска радост“ — од Струмица, кое е извршено на 12. XI. 1968 година.

Конституирањето е запишано во регистарот врз основа записникот на изборната комисија при установата од 12. XI. 1968 година и решението бр. 06—4699/1 од 25. XI. 1968 година на Собранието на општината Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 29/68. (120)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, бр. 46, страна 415, книга III, е запишано следното: Кон Центарот за унапредување на земјоделството, услуги, снабдување, планирање и промет со земјоделството „Агроцентар“ — Скопје се присоединува Трговското претпријатие за промет со дефектна стока „Универзал“, село Богданци, Гевгелија, согласно одлуките бр. 02—1403 од 9. VII. 1968 година и број 02—1403 од 25. VI. 1968 година на Советот на работната заедница на „Агроцентар“ — Скопје и на „Универзал“ — Богданци, бр. 211 од 29. IV. 1968 година, елаборатот за економска оправданост со дејност: собирање и продажба на стари предмети, употребливи материјали, откуп и продажба на градежни и огревни материјали, на големо и мало.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 91 од 18. IX. 1968 година. (1865)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 524, страна 135, книга III, е запишано следното: Дејноста на Продавницата број 5 во Скопје, на ул. „Романија“ бр. 24 на Заштитната работилница за професионална рехабилитација и запослување на глуви лица „Светлост“ — Скопје, согласно одлуката 0202 бр. 433/5 од 27. VIII. 1968 година на советот на работната заедница е: промет на големо и мало на градежен и санитарен материјал и огревно дрво.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 89 од 30. IX. 1968 година (2004)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите на 28. X. 1968 година, рег. бр. 15/66, е запишано следното: Му престанува овластувањето за потпишување на Степановски Степан, директор, на Основното училиште „Моша Пијаде“ од село Дуње, Прилеп.

Се овластува Марковски Никола, в. д. директор, за потпишување на училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 34/68. (2142)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 397, страна 633, книга II, е запишано следното: На досегашните потписници на Здравствениот дом „Идадија“ — Скопје и тоа: д-р Димитар Дуљанов. в. д. директор и Александар Младеновски, в. д. помошник директор, им престанува правото за потпишување.

За в. д. директор на Здравствениот дом „Идадија“ — Скопје е назначен д-р Константин Робев, кој установата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначените потписници Ралев Тимјо, заменик на пом. управникот, Оливера Спишиќ, сметководител и стариот регистриран потписник Александар Богдановски, шеф на сметководството, сметано од 16. VII. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 78 од 25. XII. 1968 година. (7)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 524, страна 135, книга III, е запишана под име: Заштитна работилница за професионална рехабилитација и запослување на глуви лица „Светлост“ — Скопје — Продавница број 5 во Скопје, ул. „Романија“ број 24. Предмет на работењето на продавницата е промет со градежни материјали на големо и мало.

Продавницата е основана од советот на работната заедница на Заштитната работилница за професионална рехабилитација и запослување на глуви лица „Светлост“ — Скопје, со одлука бр. 0202—433/4 од 10. V. 1968 год.

Раководител на продавницата е Бошков Јован.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува установата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 73 од 15. VII. 1968 година. (1305)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, рег. бр. 544, страна 223, книга Ш, е запишано следното: Досегашниот директор на Болницата за нервни и душевни болести — село Бардовци, д-р Никола Пандилов, е разрешен од должност.

Разрешени од должност се и потписниците: Петкоски Никола и Ристоски Методија, на кои им престанува правото за потпишување.

За нови потписници на Болницата за нервни и душевни болести село Бардовци се назначени следните лица: д-р Андон Манчевски, директор, Здравко Шулајковски, пом. директор, Ставре Јаневски, шеф на финансиско-сметководното одделение и д-р Зора Глигоровска, шеф на одделението, кои болницата ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето, сметано од 5. VIII. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 83 од 14. VIII. 1968 година. (1749)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на установите, на 9. XII. 1968 година, страна 184, реден број 1, е запишано основање на Здравствена станица при Рудниците, за олово и цинк „Злетово Саса" погон „Саса", со седиште во село Каменица Македонска, со истурен пункт на работната единица — Рудник.

Здравствената станица ќе ги обавува следните дејности: отстранување на причините за оболување и повреди и сузбивање на нивните последици; лекување и обезбедување на лекови и други медицински средства за предохрана и лекување; санирање на средината и унапредување на хигиенските, работните и животните услови на работниците и други лица; подигнување на здравствената и физичката култура кај работниците и други лица; преземање на други мерки поради унапредување на здравствената состојба на работниците и други лица.

Здравствената станица е основана од Рудниците за олово и цинк „Злетово—Саса" — Пробиштип, погон „Саса".

За в. д. директор на станицата е именуван д-р Радомир Милија Станиќ.

Впишувањето на Здравствената станица и извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 06/2—4574/1 од 29. XI. 1968 година на работничкиот совет на Рудникот.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Ус. бр. 30/68. (114)

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 10. IX. 1968 година, рег. бр. 1/56, книга Ш, е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделската задруга „Рашанец" од Прентов Мост, уште со обавување на угостителска дејност преку бифе.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката бр. 01-167/2 од 29. VIII. 1968 година на Земјоделската задруга „Рашанец" — Прентов Мост и решението уп. бр. 07-953 од 23. VII. 1968 година на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 431/68. (2063)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 26. IX. 1968 година, рег. бр. 8/55, книга П, е запишано следното: Се проширува дејноста на Трговското и посредничко претпријатие на големо и мало увоз-извоз „Моноверзал" — Прилеп, со Стоковна куќа „Моноверзал" — Прилеп, уште со: галантериска, базарска стока, играчки; крзнена стока; чевли; кожа-седларска, ременарска стока и прибор; производи од гума, каучук и пластични маси; железарска, метална стока, велосипеди, машини за шиење и прибор; земјоделски машини, вештачки ѓубрива и средства за заштита на растенијата; бои, лакови, хемикалии и прибор; санитарни и инсталатерски материјали; стакло, порцелан и керамичка стока; канцелариски материјал, хартија, прибор за пишување и школски прибор од сите видови; месо и месни преработки; прехранбени артикли и предмети за домашна употреба од сите видови; деликатесни производи од сите видови; производи на база на шеќер и какао; овошје и зеленчук со преработка од сите видови; алкохолни и безалкохолни пијалоци од сите видови; преработка на тутун, кибрит и друго; сурова кожа, волна, крзно, животински отпадоци и влакно; живина, јајца, пердуви и дивеч; млеко и млечни производи, леб и бели печива.

Оваа промена е извршена врз основа одлуката на работничкиот совет на Трговското и посредничко претпријатие „Моноверзал" од Прилеп, од 27. VIII. 1968 година и уверението од пазарниот и санитарниот инспектор на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 451/68. (2069)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 11. IX. 1968 година, рег. бр. 1/56, книга Ш, е запишано под фирма: Бифе во Прентов Мост, на Земјоделската задруга „Рашанец" од село Прентов Мост. Предмет на работењето на бифето е вршење на угостителски услуги.

Раководител на бифето е Јовановски В. Георги.

Бифето е основано од Земјоделската задруга „Рашанец" од село Прентов Мост, со одлука бр. 01-113/1 од 28. VI. 1968 година на задружниот совет и решението уп. бр. 07-953 од 23. VII. 1968 година на Одделението за надзор и контрола на Собранието на општината Охрид.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 362/68. (2075)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 9. IX. 1968 година, рег. бр. 8/55, книга П, е запишана под фирма: Продавница број 20 во Прилеп, ул. „Републиканска" бр. 68 на Трговското и посредничко претпријатие „Моноверзал" од Прилеп. Предмет на работењето на продавницата е продажба на текстил, текстилна галантерија, теписи, јоргани и постели.

Раководител на продавницата е Никола Андоноски.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие „Моноверзал" од Прилеп, со одлука на работничкиот совет од 30. VII. 1968 година и уверението од Пазарната и санитарната инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што го потпишува и претпријатието.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 421/68. (2076)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 19. IX. 1968 година, рег. бр. 62/55, книга Ш, е запишана под фирма: Продавница во село Долна Белица на Земјоделската задруга „Фадил Винца" село Велешта. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на прехранбени артикли и предмети за домашна потреба, деликатесни производи (освен сувомесни и млечни производи), алкохолни пијалоци и мешана индустриска стока, како и житарици и млински производи.

Раководител на продавницата е Рочоски Кемал.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Фадил Винца" од село Велешта, со одлука бр. 184/а од 20. VIII. 1968 година од Советот на работната заедница и решението бр. 08-258/108 од 13. IX. 1968 година на Одделението за инспекциски работи при Собранието на општината Струга.

Потпишувањето ќе го врши истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 449/68. (2084)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 167, страна 441, е запишано следното: Дејноста на Сточарското стопанство „Напредок" — Гостивар, согласно со одлуката бр. 0101-388 од 8. Ш. 1968 година на работничкиот совет се проширува и со вршење откуп и промет со сите видови земјоделски производи на големо и мало и тоа: крупен и ситен добиток, сите видови сточни производи, живина, јајца, млеко и млечни производи; сите видови кабаста и концентрирана сточна храна; сите видови зрнести производи; овошје од сите видови; алкохолни и безалкохолни пијалоци; сите видови градинарски култури и од нив преработени производи; промет со сите видови хемиски средства и минерални ѓубрива кои се употребуваат во земјоделството; промет на сите видови индустриски производи и репроматеријали; промет на сите видови земјоделска механизација вклучувајќи ги сите видови моторни возила и резервни делови авто-гуми и цела пневматика; промет со сите видови пластични и синтетични производи; промет со сите видови и материјали за градежништво; кооперирање со организации и индивидуални производители од подрачјето на општината Гостивар и Републиката со цел за развивање на земјоделството и сточарството.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1020 од 15. X. 1968 год. (2089)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 17. VII. 1968 година, страна 340, реден број 1 е запишано присоединувањето на Комерцијалната банка од Штип и нејзините филијали во Св. Николе и Радовиш, кон Комерцијално-инвестиционата банка во Скопје.

Со присоединувањето Комерцијалната банка — Штип, станува Филијала на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје, а нејзините филијали во Св. Николе и Радовиш, стануваат експозитури на Филијалата — Штип.

Филијалата во Штип ќе работи под фирма: Комерцијално-инвестициона банка — Скопје, Филијала — Штип.

Експозитурата Св. Николе ќе работи под името на Комерцијално-инвестициона банка — Скопје Филијала — Штип, Експозитура — Св. Николе, што се однесува и за експозитурата — Радовиш.

Филијалата, во рамките на своите надлежности ќе делува на подрачјето на општинските собранија: Штип, Св. Николе и Радовиш, додека експозитурите во Св. Николе и Радовиш ќе делуваат на подрачјето на општинските собранија каде се наоѓаат нивните седишта.

Филијалата Штип ги врши следните дејности:

1. Дава инвестициони кредити за вложување во основни и трајни обртни средства,

2. Ги снабдува стопанските организации со парични средства за вршење на производство и промет (краткорочно кредитирање).

3. Ја кредитира станбено-комуналната изградба,

4. Го кредитира населението со потрошувачки кредити,

5. Прибира парични депозити со и без отказен рок,

6. Прибира штедни влогови, води жиро-сметки на граѓаните и врши други банкарски работи со граѓаните,

7. Врши откуп и продажба на странски средства за плаќање,

8. Издава банковни гаранции и врши останати кредитни и банкарски работи во рамките на овластувањата добиени од Собранието на банката и извршниот одбор,

9. Врши и други банчини и кредитни работи.

Комерцијално-инвестиционата банка од Скопје е правен следбеник на присоединетата Комерцијална банка — Штип.

Директор на филијалата — Штип е Тодор Кожухаров.

Впишувањето е извршено во регистарот врз основа одлуката бр. 8013 од 27. V. 1968 година на собранието на Комерцијално-инвестиционата банка — Скопје и одлуката бр. 01-675 од 14. V. 1968 година на Комерцијалната банка — Штип.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 364/68. (1858)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 48/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во село Драгош, Битола, на Погонот за кооперација од село Лажец, на Земјоделскиот институт во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е вршење на трговска дејност со колонијални стоки и стоки за куќни потреби.

Раководител на продавницата е Стојчевски Александар.

Продавницата е основана од Земјоделскиот институт — Скопје, со одлука бр. 08-1778/1 од 26. IX. 1968 година на работничкиот совет и потврдата бр. 08-4952/1 од 26. VI. 1968 година на Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува лицето што го потпишува и Погонот за кооперација во село Лажец.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 521/68. (76)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 12. XI. 1968 година, рег. бр. 48/68, книга I, е запишана под фирма: Продавница во село Граешница на Погонот за кооперација од село Лажец на Земјоделскиот институт во Скопје. Предмет на работењето на продавницата е вршење трговска дејност со колонијални стоки и стоки за куќни потреби.

Раководител на продавницата е Ангеловски Панде.

Продавницата е основана од Земјоделскиот институт — Скопје, со одлука бр. 08-1778/1 од 26. IX. 1968 година на работничкиот совет и потврдата број 08-4952/1 од 26. VI. 1968 година на Одделението за стопанство и планирање на Собранието на општината Битола.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и Погонот за кооперација во село Лажец.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 522/68. (77)

# КОНКУРСИ

„ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО“ — ПОГОН МАВРОВСКИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ — ГОСТИВАР

О Б Ј А В У В А

**ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

за отстапување изградба — реконструкција на патен коловоз со асфалт или камена коцка Л = 2567 мl широчина 5 метри

Прибирањето на понуди се врши до 7. V. 1969 година до 10 часот кога ќе се пристапи комисиски отворање на понудите.

Ориентациона пресметковна вредност изнесува за коловозот со асфалт 564.760 нови динари, а за камена коцка 945.845 н. динари.

Заинтересираните можат од 07 до 15 часот секој ден, со исключок во саботи и недели, да ја подигнат документацијата и условите за изградба на објектот.

---

„ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО“ — ПОГОН МАВРОВСКИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ — ГОСТИВАР

О Б Ј А В У В А

**ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ**

за отстапување изградба на градежни работи во кос усек — сифон „Дуф — II“

Прибирањето на понуди се врши до 7. V. 1969 година до 10 часот кога ќе се пристапи комисиски отворање на понудите.

Ориентациона пресметковна вредност изнесува 1,944.512 нови динари.

Заинтересираните можат од 07 до 15 часот секој ден, со исключок во саботи и недели, да ја подигнат документацијата и условите за изградба на објектот.

---

КОМИСИЈАТА ЗА ЗАСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИТЕ ОДНОСИ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ДОМ СААТ КУЛА — СКОПЈЕ

р а с п и ш у в а

**К О Н К У Р С**

за пополнување на следните работни места:

1. Еден лекар од општа практика за работа во Здравствен пункт во село Булачани.
2. Еден лекар од општа практика за работа во ноќната дежурна служба на Домот.

УСЛОВИ: Под точка 1 и 2, завршен медицински факултет, лекарски стаж и две години работно искуство.

Работниот однос под точка 1 и 2 ќе се заснова на определено време (договорно).

Молбите со документи да се достават до Писарницата на Здравствениот дом Саат Кула — Скопје.

Конкурсот трае 15 дена, од денот на објавувањето.

Од Конкурсната комисија на Здравствениот дом Саат Кула — Скопје

Работната заедница на Македонската академија на науките и уметностите

р а с п и ш у в а

КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:
1) приправник — архивист,
2) администратор.

Покрај општите услови, кандидатот треба да има: под 1) завршен филозофски факултет, под 2) оформено средно образование и пет години соодветно работно искуство.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето, односно до пополнување на работните места.

Пријавите со доказите дека се исполнети условите на конкурсот се доставуваат до Академијата, Скопје, ул. Душко Поповиќ бр. 1.

Пријавите кои не ќе бидат комплетирани со потребните докази нема да бидат разгледувани.
(429)

---

Советот на Филозофскиот факултет во Скопје

р а с п и ш у в а

КОНКУРС

— За еден наставник (во сите звања) по предметот нормативна латинска граматика;
— За еден наставник (во сите звања) по предметот германска литература;
— За еден наставник (во сите звања) по предметот германски јазик;
— За еден наставник (во сите звања) по предметот методика на македонскиот јазик (преизбор);
— За еден наставник (во сите звања) по предметот албански јазик (преизбор);
— За еден лектор по германски јазик;
— За еден лектор по романски јазик;
— За еден лектор по шпански јазик;
— За еден асистент по англиски јазик; (преизбор);
— За еден асистент при Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ (преизбор);
— За двајца асистенти по руски јазик (преизбор);
— За еден асистент при Катедрата за историја (преизбор);
— За еден асистент при Катедрата за филозофија (преизбор);
— За еден асистент при Катедрата за германски јазик и литература.

Пријавите таксирани со 0,50 динари и останатите документи треба да се поднесат до архивата на Филозофскиот факултет во Скопје.

Конкурсот трае еден месец од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија“.

Од Деканатот на Филозофскиот факултет — Скопје“.
(430)

---

Советот на факултетот на Природно-математичкиот факултет — Скопје, врз основа на чл. 44, а во смисла на чл. 138 и 150 од Законот за високото школство на СРМ

распишува

КОНКУРС

I. За избор на по 1 наставник во звањето редовен професор, вонреден професор, виши предавач, доцент или предавач за предметите;
— Стопанска географија и
— Геоморфологија,

II. Во смисла на чл. 150 од споменатиот закон:
— за 6 асистенти при Хемискиот институт;
— за 1 асистент при Биолошкиот институт (зоолошки завод).

Пријавите се поднесуваат до Секретаријатот на факултетот. Кон пријавата се приложува дипломата за завршена високошколска настава, куса биографија и список на научни трудови, со по еден примерок.

За кандидатите под точ. II од овој конкурс посебен услов е познавање на еден странски јазик (англиски, француски, германски или руски), што ќе го докажат со уверение од соодветните катедри при Филозофскиот факултет — Скопје. Уверението се поднесува со пријавата на конкурсот.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (431)

---

Врз основа на заклучокот на Управниот одбор, Комисијата за кадрови работи при Установата со самостојно финансирање-Медицински центар Куманово,

распишува

КОНКУРС

за пополнување на следното работно место:
1. Една медицинска сестра.

Услови:

Пријавените кандидати треба да имаат завршено средно медицинско училиште-смер медицински сестри.

Кандидатите кои се во работен однос да доставаат потврда за учество на конкурсот.

Плата според Правилникот за распределба на личниот доход на работниците на Медицинскиот центар — Куманово.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ — Скопје.

Молбите таксирани со 0,50 пари таксена марка се доставуваат до комисијата за кадрови работи, соба број 33.

Од Комисијата за кадрови работи. (433)

---

Советот на Медицинскиот центар во Охрид,

распишува

КОНКУРС

за пополнување на слободното работно место НАЧАЛНИК на Службата за забна нега 1

Кандидатот за ова работно место треба да е дипломиран стоматолог, со најмалку една година практика.

Со молбата кандидатот да приложи:
— препис од дипломата за завршен факултет;
— лекарско уверение,
— работна книшка.

Молбите прописно таксирани да се достават до Медицинскиот центар — Охрид, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Предимство имаат стоматолозите на работа во овој центар. (434)

Конкурсната комисија на Трговското книжарско претпријатие „Младина“ Скопје,

распишува

КОНКУРС

за реизбор на директор на Работната организација

УСЛОВИ: Кандидатот покрај општите услови предвидени во Основниот закон за работните односи треба да ги исполнува и следните посебни услови:

1. Да има завршено висока школска подготовка (факултет) со над 5 години работно искуство на раководно работно место.

2. Кандидатот треба да достави програма за долгорочен стопански развиток на Работната организација, респектирајќи ги сите специфичности на дејноста.

3. Оригинал диплома за завршен факултет, потврда од работната организација во која се наоѓа на работа дека ќе биде ослободен во случај на избор.

Молбите со потребните документи да се достават до „Младина“ — трговско-книжарско претпријатие — Скопје — за конкурсната комисија.

Не комплетирани документи нема да се земаат во разгледување.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето.

Од Конкурсната комисија. (436)

---

## СОДРЖИНА

Страна
85. Закон за тутун — — — — — — — 313
86. Закон за републичките административни такси — — — — — — — — — — 315
Тарифа за републички административни такси — — — — — — — — — — 315
87. Закон за изменување и дополнување на Законот за придонесите и даноците на граѓаните — — — — — — — — — — 320
88. Закон за формирање на посебни фондови во стопанските единици на казнено-поправителните установи — — — — — — 321
89. Одлука за утврдување завршната сметка на средствата на Социјалистичка Република Македонија за инвестиции во стопанството за 1968 година — — — — — — 321
90. Одлука за одобрување на завршната сметка на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот стопански развиток на недоволно развиените краишта за 1968 година — — 321
91. Конкурс за условите и начинот под кои Стопанската банка — Скопје во 1969 година ќе дава кредити за учество во изградба на комунални објекти — — — — — 322
**Исправка** на пречистениот текст на Законот за придонесите и даноците на граѓаните 322
**Исправка** на Законот за изборните единици за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 322

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.**